(Образец ПП…)

**До: Претседател на Република Северна Македонија**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

__________________________________________________________________

(се наведуваат податоци за барателот: назив, име и презиме, адреса, тел., факс, е-пошта)

Застапник/полномошник на барателот на информацијата: ____________________

__________________________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на барателот: назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-пошта)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019“), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Дали до Претседателот на РСМ се поднесени молби за помилување на осудени лица на доживотна казна затвор?

Дали Комисијата за помилување одлучувала по доставени молби за помилување од осудени лица на доживотна казна затвор?

Во случај на постапување по такви молби, какви одлуки се донесени?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

в) фотокопија
г) електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

г) е-пошта

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека станува збор за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 12.09.2022 година**

Претседател на
Република Северна Македонија
**КАБИНЕТ**

Бр. 03-1146/2
29.09.2022

**Предмет:** Одговор на барање информација

Почитувани, согласно Вашето барање врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме следните одговори:

- До претседателот на Република Северна Македонија се доставени молби за помилување од осудени лица кои издржуваат доживотна казна затвор.
- Комисијата за помилување на претседателот на Република Северна Македонија како работно тело на претседателот на Република Северна Македонија, согласно својот Деловник за работа, ја разгледува поединечно секоја молба и дава мислење по секој предлог што го поднел министерот за правда.
- Комисијата за помилување на претседателот на Република Северна Македонија како работно тело на претседателот на Република Северна Македонија, согласно својот Деловник за работа, не донесува одлуки туку дава мислење.

Со почит,

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Миле Бошњаковски**